# Говорот на детето на возраст од околу 6 месеци

## Нешто за говорот на вашето дете од 6 месеци

- Вашето дете има многу за откривање во светот! Откријте што гледа детето и кажете му го зборот за тоа. Заедно откријте ги возбудливите, малите и големите нешта!
- Вашето дете и досега разговарало со вас со употреба на мимика, звуци и движења, а набргу ќе почне да гуга со звуци што личат на зборови, како што се да-да и та-та.
- Со време, вашето дете ќе почне да разбира изрази како види и зборови како мама и тато.
- Вашето дете сака да зборува со вас, да игра tittut (Se!) и да следи едноставни игри со движење како Imse vimse spindel („Малечкото пајаче“) и Baka baka liten kaka („Прави прави раче мало колаче“).

## Разговарајте за сè

Зборувајте со вашето дете за сè што се случува и што му го привлекува вниманието. Зборувајте за храната, облеката, за тоа што гледате и што прави детето. Активно слушајте го детето, па детето ќе посака да го продолжи разговорот. Одвојте доволно време!

## Нудете варијанти и повторувајте

Повторувајте ги звуците на детето, погодете што значат и сменете ги со збор. Почекајте додека детето да одговори со звук или со движења пред да продолжите. Детето уште сега се учи да зборува и да ја разбира поврзаноста меѓу зборовите и предметите.

## Играјте со јазикот

Пејте песнички, римувајте, кажувајте брзозборки и играјте игри што се пеат. Користете ги прстите на рацете и на нозете, црцорете, ‘ржете и забавувајте се! Во вашата библиотека има книги, песни и музика што можете да ги изнајмите дома.

## Зборувајте-читајте заедно

Кога вашето дете може да го следи вашиот поглед и показалецот, може да биде возбудливо да се запознаат сликовниците. Покажувајте со прст и раскажувајте за сликите. Забележувајте што го интересира вашето дете. Во почетокот интересот е краткотраен, но со тек на време се зголемува способноста на детето да се фокусира.

## Зборувајте на својот мајчин јазик

Зборувајте, пејте и читајте на својот мајчин јазик. Повеќето деца во светот живеат во повеќејазични средини, а растењето со повеќе од еден јазик има само предности.

## Дознајте повеќе

- Прочитајте повеќе за Bokstart тука: www.bokstart.se
- Ако сте загрижени за развојот на говорот на вашето дете, обратете се до детскиот диспанзер. За развојот на говорот на вашето дете можете исто така да разговарате со предучилишниот персонал.

Советот за култура има владина задача да го унапредува читањето и да го стимулира развојот на говорот кај мали деца. Bokstart е национален влог што им се обраќа на родителите и на возрасните што се во најблиската средина на детето.

Bokstart

# Говорот на детето на возраст од околу 1 година

## Нешто за говорот на вашето дете од 1 година

- Детето користи гестови и звуци за да ви каже нешто.
- Првите зборови се поврзани со тоа што е тука и сега, како топка, мече и види.
- Вашето дете разбира повеќе зборови отколку што може да изрази, но му треба ваша помош за толкување и коментирање.

## Следете го интересот на вашето дете

Можете да користите сѐ што гледате и правите секојдневно за да го развиете говорот на детето. Дајте зборови за сите нешта на кои детето им посветува внимание. Кога детето ќе каже де, или ќе покаже на маче, можете да одговорите: Да, тоа е маче. Ти се допаѓа мачето? Не заборавајте да го почекате одговорот на детето.

## Бидете внимателни и слушајте

Кога на детето му давате неподелено внимание и го слушате внимателно, детето ќе чувствува дека пораката е важна, или детето може да каже збор, да покаже кон нешто или на друг начин да ви соопшти нешто. Од вашите одговори детето учи дека разговор се води наизменично.

## Играјте со јазикот

Пејте песнички, римувајте, кажувајте брзозборки и играјте игри што се пеат. Користете ги прстите на рацете и на нозете, црцорете, ‘ржете и забавувајте се!

## Измислувајте и раскажувајте

Раскажувајте му на детето што прави мечето или каде оди автобусот што го гледате надвор. Зборувајте за слики на роднини или пријатели. Детето има потреба неколкупати да слушне нови зборови во различни контексти.

## Читајте едноставни сликовници

Сега можете да почнете да употребувате сликовници. На почетокот, заедно ги гледате сликите и покажувате со прст. Отпрвин е полесно самите да раскажувате, но со тек на време, детето може да го слуша текстот во книгата. Во вашата библиотека има совети за книги што можете да ги изнајмите.

## Зборувајте на својот мајчин јазик

Зборувајте, пејте и читајте на својот мајчин јазик. Повеќето деца во светот живеат во повеќејазични средини, а растењето со повеќе од еден јазик има само предности.

### Дознајте повеќе

- Прочитајте повеќе за Bokstart тука: www.bokstart.se
- Ако сте загрижени за развојот на говорот на вашето дете, обратете се до детскиот диспанзер. За развојот на говорот на вашето дете можете исто така да разговарате со предучилишниот персонал.

Makedonska

Советот за култура има владина задача да го унапредува читањето и да го стимулира развојот на говорот кај мали деца. Bokstart е национален влог што им се обраќа на родителите и на возрасните што се во најблиската средина на детето.

Bokstart

# Говорот на детето на возраст од околу 18 месеци

## Нешто за говорот на вашето дете од 18 месеци

- Многу деца на оваа возраст разбираат околу 200 секојдневни зборови.
- Детето самото употребува некои зборови, но зборовите може да значат различни работи во различни контексти.
- Некои деца почнуваат да ги спојуваат зборовите, на пример, мама кола или куче таму.

## Зборувајте многу меѓусебно

Зборувајте за тоа што го правите во различни ситуации. Раскажете му на детето што се случува и опишете го со зборови тоа што го правите. Слушајте внимателно што мисли детето и како размислува. Дајте му доволно време на своето дете.

## Потврдете и дополнете го тоа што го кажува детето

Кога ги употребувате сопствените зборови на детето и додавате нови, му помагате на детето да го развива својот јазик. Ако детето каже: „намнам“, може да кажете: „Да, тоа е храна и сега ќе јадеме.“ На оваа возраст не е необично вашето дете да вели tatt (мате) наместо katt (маче). Не поправајте го детето, туку самите употребете го зборот katt за детето да слушне како треба да звучи.

## Поврзувајте ги нештата со сопствениот свет на детето

Полесно се учат нови работи ако ги поврзувате со нешто што детето веќе го препознава. Ако видите слика од панталони, можете да покажете на панталоните на детето и да кажете: „И ти имаш панталони, исто како детето во книгата.“

## Зборувајте-читајте заедно

Детето сега се радува на многу различни книги за коишто можете да зборувате заедно. Поставувајте отворени прашања за тоа што се случува во книгите и поврзувајте го тоа со искуствата на детето: Што мислиш…? Се сеќаваш ли…?

## Зборувајте на својот мајчин јазик

Зборувајте, пејте и читајте на својот мајчин јазик. Повеќето деца во светот живеат во повеќејазични средини, а растењето со повеќе од еден јазик има само предности.

## Дознајте повеќе

- Прочитајте повеќе за Bokstart тука: www.bokstart.se
- Ако сте загрижени за развојот на говорот на вашето дете, обратете се до детскиот диспанзер. За развојот на говорот на вашето дете можете исто така да разговарате со предучилишниот персонал.

Makedonska

Советот за култура има владина задача да го унапредува читањето и да го стимулира развојот на говорот кај мали деца. Bokstart е национален влог што им се обраќа на родителите и на возрасните што се во најблиската средина на детето.

Bokstart

# Говорот на детето на возраст од околу 3 години

## Нешто за говорот на вашето дете од 3 години

- Многу деца сега разбираат неколку стотици зборови. Зборовите ги спојуваат во реченици и почнуваат да водат куси разговори.
- Детето поставува многу прашања и почнува да разбира како се користат зборовите и дека може да се игра со нив.
- Вашето дете почнува да раскажува за работи во кои учествувало и сака да слуша кога раскажувате.

## Откривајте букви и зборови

На претшколска возраст многу деца се љубопитни за букви и зборови. Читајте и покажувајте со прст знаци и пакувања кога вашето дете ќе покаже интерес. Исто така, заедно откривајте знаци и симболи околу вас и зборувајте за нивното значење.

## Објаснувајте нови зборови

Слободно користете нови зборови за тоа што се случува и тоа што го гледате во секојдневието. Објаснувајте зборови што детето не ги разбира: морето е вид езеро, само многу поголемо. Или: кога одиме на плажа, пливаме во морето.

## Разговарајте

Зборувајте за тоа што се случило во текот на денот. Разговарајте за нешто што сте чуле или виделе дека детето го правело во градинка/забавиште и поттикнете го детето да раскаже повеќе за тоа.

Повеќето тригодишни деца не ги изговараат сите зборови како нас возрасните. Кога ќе слушнете збор што звучи поинаку, можете да го кажете правилно, па детето со време ќе го каже правилно.

## Читајте заедно

Нека ви стане навика да читате малку секој ден. Многу деца имаат омилена книга што сакаат да им се чита повторно и повторно. Сликовниците може да содржат малку покомплицирани раскази, но сѐ уште треба да се оди со зборување-читање.

Започнете разговор за содржината на книгата и поттикнувајте го детето да поставува прашања додека читате. Кога детето прашува, застанете, слушнете го и размислете заедно.

Запомнете, детето учи преку игра. Затоа играјте, читајте, пејте и раскажувајте заедно. Рими, брзозборки и песни сѐ уште ги забавуваат. Читањето книги е најдобриот начин да се учат нови зборови.

## Зборувајте на својот мајчин јазик

Зборувајте, пејте и читајте на својот мајчин јазик. Повеќето деца во светот живеат во повеќејазични средини, а растењето со повеќе од еден јазик има само предности.

## Дознајте повеќе

- Прочитајте повеќе за Bokstart тука: www.bokstart.se
- Ако сте загрижени за развојот на говорот на вашето дете, обратете се до детскиот диспанзер. За развојот на говорот на вашето дете можете исто така да разговарате со предучилишниот персонал.

Советот за култура има владина задача да го унапредува читањето и да го стимулира развојот на говорот кај мали деца. Bokstart е национален влог што им се обраќа на родителите и на возрасните што се во најблиската средина на детето.

Bokstart

Makedonska